# КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ

## - во услови на далечинско учење –

Со овој кодекс се уредува однесувањето на учениците во услови на далечинско учење во СУГС гимназија ,,Никола Карев “

Наставата со далечинското учење се реализира преку однапред утврден распоред изработен од училиштето и поставен на веб-страната на училиштето и доставен до ученикот и родителот по избрана електронска апликација.

Наставата се реализира во две смени – 1 смена со почеток во 7.30 часот и 2 смена со почеток во 13.30 часот. Учениците имаат обврска да пристапуваат на часовите од дома или од друго место адекватно за одржување на он-лајн час во време утврдено со распоредот добиен од училиштето и наставникот. Наставниот on line час трае 35 минути и 5 минути за приклучување.

Учениците имаат обврска да ги почитуваат напатствијата на наставникот во однос на одржување на дисциплината, редот и работната атмосфера на он-лајн часот. При то ученикот:

*УЧИЛИШНИ ОБВРСКИ*

- треба да биде совесен, одговорен, со должно почитување кон сите – наставникот и другите соученици;
- треба пристојно и трпеливо да чека за започнување на часот додека се создадат услови за реализација;
- на on line часовите треба внимателно да слуша и навреме и целосно да ги извршува добиените задолженија;
- да ги почитува правилата кои се договорени со наставникот;
- треба да соработува со наставниците, стручната служба и другите субјекти во училиштето;

**Забрането е -**

- самоволно и без вистинска причина да го напушти on line часот;
- да ја ремети реализацијата на on line часот со манипулирање на информатичко-комуникациската технологија на било каков несоодветен начин
- да ги снима содржините на on line часовите и/или да ги злоупотребува и споделува на било која друга електронска апликација или платформа, освен доколку не добие поинакви насоки од наставникот ;

*КОМУНИКАЦИЈА*

- да покаже почитување и толеранција кон соучениците и наставниците;
- да избегнува недолично однесување;
- да помага на соучениците со одредени потешкотии во совладување на содржините;

- задолжително на родителот да му ги пренесува информациите по барање на наставникот/класниот раководител;
- покажува толеранција кон соучениците во комуникацијата;
- го искажува незадоволство со одбрани и пристојни зборови;
- внимателно сослушува и го почитувај мислењето на другиот;
- ги почитува различните од тебе;

**<u>Забрането е -</u>**

- да ги навредува и се однесува насилно кон соучениците;
- да врши психичко вознемирување и малтретирање на учениците и наставниците;
- да користи вулгарни зборови кога комуницира;

## <u>Проверка на знаењата на учениците</u>

Се реализира со физичко присуство на учениците во училиштето, на секое тромесечие по однапред утвреден распоред на паралелки, број на ученици во паралелка и времетраење на проверката.

Училиштето изготвува распоред за проверка на знаењата на учениците најдоцна 2 недели пред предвидените термини и истиот го објавува на веб страната. Учениците имаат обврска да се јават во училиште на дадените термини. По завршување на процесот на проверка на знаењата на учениците, класниот раководител по електронски пат го известува родителот за постигнатиот успех на ученикот, утврден на класен и наставнички совет.

Доколку ученикот кој следи настава со учење на далечина не се вклучи на настава повеќе од пет дена, наставникот го известува класниот раководител кој стапува во контакт со родителите. За подолги отсуства се известува и педагошко -психолошка служба.
За нередовно присуство на наставата се применуваат педагошките мерки утврдени со Законот за средното образование.

Ученикот кој не можел да биде оценет поради отсуство од најмалку една третина од фондот на наставни часови од одредени предмети, има право да полага испит на година по предметите по кои не е оценет.

## ***НАПОМЕНА***
## ***ОТСТАПУВАЊЕТО ВО ОДНЕСУВАЊЕТО ОД КОДЕКСОТ НА ОДНЕСУВАЊЕ ЌЕ СЕ САНКЦИОНИРА СОГЛАСНО УПАТСТВОТО ЗА ИЗРЕКУВАЊЕ НА ПЕДАГОШКИ МЕРКИ.***

Согласно Законот за средното образование
Овој кодекс влегува во сила на 1 октомври 2020 година.

## Кодекс за облекување

***НАПОМЕНА**

Долунаведениот кодекс за облекување на учениците се однесува на настава со физичко присуство во училиште, но на учениците им се посочува дека имаат подеднаква обврска да ги следат часовите од далечина со простоен изглед – горен дел уредно облечени, со пристојна фризура.

Секој ученик треба да е пристојно облечен кога е во училиштето:

- Учениците се должни да доаѓаат во училиште уредно облечени горен дел пристоен изглед – маичка/блуза/дуксер, долен дел фармерки/панталони/сукња со пристојна должина. Со својот пристоен изглед нема да се издвојуваат од средината. Во спротивно, нема да бидат примени на настава.
- Дозволена должина на здолништа е максимум една педа над колена, а на панталони една педа под колена.

- Секој ученик да внимава на својата фризура:
- ако има долга коса таа да е уредно и пристојно собрана (со венче или поинаку) за да не паѓа на очи;
- да се внимава на бојата на косата - не е дозволено користење на нападни бои (зелени, сини, црвени итн.);
- доколку ученикот има суканици да обрнува внимание на нивната хигиена и да се уредно прибрани.
- се забранува носење пирсови на лице за време на учебната година поради безбедносни причини.

# КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ
## - во услови на далечинско учење –

Со овој кодекс се уредува начинот на изведување на далечинското учење (on line настава) во СУГС гимназија ,,Никола Карев “. За наставата со учење од далечина се употребува националната платформа за учење на далечина препорачана од Министерството за образование и наука. Наставата со далечинското учење се реализира преку однапред утврден распоред изработен од училиштето и поставен на веб-страната на училиштето.

Наставниците ја реализираат наставата од училница во училиштето со користење на националната платформа. Директорот на училиштето се грижи за целосна покриеност со интернет конекција во сите училници во училиштето. Во случај на немање добра интернет конекција во училиштето наставникот часот може да го одржи и од дома по претходно добиена согласност од страна на директорот на училиштето.

Наставата за далечинскко учење се реализира во две смени – 1 смена со почеток во 7.30 часот и 2 смена со почеток во 13.30 часот. Наставниот on line час трае 35 минути и 5 минути за приклучување.

*__НАСТАВА__*

- Наставникот има обврска да го снима одржаниот on line час.
- Поставува содржини (документи, презентации)
- Поврзува надворешни содржини од ЕДУИНО
- Испраќа соопштенија до учениците
- Врши двонасочна комуникација со користење на форуми
- Дефинира активности кои треба да ги сработат учениците
- Дава повратни информации на испратените домашни задачи од учениците
- Одржува on-line настава со помош на Microsoft Teams
- Креира и одржува тестови
- Креира е-Лекции

При работата во текот на on line часовите со учениците

- навремено ги информира учениците кои е-ресурси ќе се користат и за која цел;
- дава насоки каде ќе ги зачувуваат податоците;
- договора време во кое ќе се закачуваат задачите (период од-до);
- дефинира определено време на работа и начин на комуникација со учениците;

- првите часови ги  информира и дава инструкции на учениците за текот на одвивање на часовите;
- дава инструкции за начинот на кој  учениците ќе се вклучуваат на часот;
- работи со адекватна брзина и со зачестена проверка кај учениците дали учениците следат;

*Организација и администрирање на работата*

- Наставникот води евиденција за присуството и отсуствата на учениците на секој час и за тоа го известува класниот раководител. Отсутните ученици се запишуваат во дневникот на паралелката и во е-дневникот.

- Предметниот наставник, на барање на директорот, доставува до директорот или стручен соработник, линк за приклучување на електронската интерактивна платформа за учење на далечина за да се следи работата на наставникот во текот на наставниот час;

- Наставникот доставува изввештај на месечна основа до педагошко-психолошката служба за текот на он-лајн наставата. Директорот на училиштето континуирано  го контролира текот на наставата.

Согласно Планот и Протоколот на постапување на МОН за учебната 2020-2021 година
Овој кодекс влегува во сила на 1 октомври 2020 година.